Заврши спроведувањето на Рамковните договори за партнерство (FPAs) поддржани од Европската Унија. Ова беше повод, на 10 и 11 ноември 2016 година во Скопје да се разговара за општиот развој на граѓанското општество во Западен Балкан и Турција, а потоа и да се подготват заеднички препораки за унапредување на граѓанските организации и мрежи кои четири години добиваа поддршка за нивната работа. Во фокус беа вредностите, стратешкиот приод, релевантноста, јавниот имиџ и други прашања кои ги одразуваат внатрешните промени во организациите. На настанот учествуваа, претставници од сите проекти како и од клучните државни институции и граѓански организации од Западен Балкан и Турција, но, и претставници од институциите на ЕУ.



На настанот се дискутираше и за актуелните прашања и трендови кои го засегаат граѓанското општество во регионот. Учесниците го претставија својот придонес за одредени теми во и идентификуваа дополнителни предизвици во тематските области:

животна средина, природни ресурси, енергија и рурален развој; добро управување, борба против корупцијата, јавни набавки, слобода на медиумите, како и социјален развој, човекови права, соработка и вклученост.




МЦМС ги претстави постигнувањата на два проекти каде МЦМС имаше улога на локален партнер и тоа: проектот “ **Аки на балканското граѓанско општество** ” кој цели кон зајакнување на капацитетите за следење и застапување за прашања поврзани со овозможувачка околина и одржливост на граѓанското општество на регионално и национално ниво и проектот “ **Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во југоисточна Европа: градење на капацитети за мониторинг, застапување и подигање на јавна свест** “ кој цели кон зголемено влијание на граѓанските организации во креирањето и следењето на политиките поврзани со добро владеење и антикорупција.

Настанот го организираше регионалната канцеларија на ТАКСО, со локална поддршка на МЦМС во улога на ресурсен центар за проектот ТАКСО. Марија Саздевски и Симона Огненовска како национални координатори на два проекти од МЦМС учествуваа на настанот.